РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-5696/2
25-08-2022 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 73-тата седница одржана на ден 18.08.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-5696/1 од 08.06.2022 година, со наводи за прекршување на Законот за високо образование при избор на ректор во ------------------------------------------------------------------, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-5696/1 од 08.06.2022 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 08.06.2022 година, поднесена е пријава со наводи за прекршување на Законот за високо образование при избор на ректор во ------------------------------------------------------------------------------------ и оформен е предмет бр. 12-5696/1 од 08.06.2022 година.

Во пријавата подносителот наведува дека во постапката за избор на ректор на наведениот универзитет прекршен бил Законот за високо образование од причина што кандидатот ----------------------------- не ги исполнувал условите за избор на ректор бидејќи имал 63 години па следната година усполнувал услови за старосна пензија. Изборот на ректор бил спротивен на член 100 од Законот за високо образование во кој било уредено во кои случаи престанува мандат на ректор, како и спротивен на член 187 став 2 од истиот закон во кој било уредено кога може да се продолжи договорот за вработување, при што тоа не се однесувало на менаџерска функција ректор.

По разгледувањето на предметните наводи и соодветната законска регулатива, ДКСК констатираше дека наводите не се основани бидејќи лицето во време на јавниот оглас нема 64 години, а согласно член 100 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/2021) се предвидува надминување на ситуација кога ректорот ги исполнува условите за старосна пензија, односно се утврдува дека мандатот на ректорот престанува пред истекот на периодот за кој е избран ако ги исполни условите за старосна пензија, при што до изборот на нов ректор, сенатот избира за вршител на должноста ректор, еден од проректорите на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

универзитетот, за период од најмногу шест месеци, а најдоцна 30 дена од денот на изборот на вршителот на должноста ректор се поведува постапка за избор на ректор.

Оттаму ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: К.Н., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**